РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1994/2
17-11-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 25-та седница, на ден 12.11.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-1994/1 од 21.07.2025 година, со наводи за сомневање за злоупотреба на службената положба и сторени коруптивни дејствија од страна на судии и адвокат во спроведени судски процеси, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, поради тоа што предметните наводи и пријавените дејствија не се во надлежност на постапување на ДКСК и за истите друг орган е надлежен да постапува.

Пријавата да се достави на надлежно постапување на Судски совет и Адвокатска комора на РСМ.

Предметот со број 12-1994/1 од 21.07.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител без адресни податоци за контакт, на ден 21.07.2025 година, поднесена е пријава, по која е оформен предмет број 12-1994/1 од 21.07.2025 година. Во доставената пријава изнесени се наводи за сомневање за злоупотреба на службената положба како и сторени коруптивни дејствија од страна на судии и адвокат во спроведени судски процеси водени во кривичен предмет за кривично дело „Измама“ од член 247 ст.1,2 и 3 од Кривичниот законик. Кон пријавата е доставен и дополнителен прилог со две судски пресуди.

Првата пресуда е со број ------- -.---/---- од 26.06.2025 година донесена од Основниот суд ------ врз основа на поднесено барање на ----- ----- - --- ----- за поведување прекршочна постапка против обвинетиот а во случајот подносител на пријавата до ДКСК, за сторен прекршок по член 16 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир. Со пресудата утврдено е дека обвинетиот бил виновен заради лажно пријавување на настан со што предизвикал испаѓање на службено лице на терен повеќе пати и тоа за настани кои биле невистинити и неосновани кои биле утврдени од страна на полицијата. Врз основа на утврдениот прекршок по член 16 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир, врз основа на истиот член од законот на обвинетиот му била изречена Прекршочна санкција ГЛОБА од 50 евра во денарска противвредност.
Втората Пресуда со број ---------. ------/---- од Основниот суд ------- е донесена на 20.06.2025 година, врз основа на поднесено тужбено барање на ------ ------------- против тужениот во овој предметен случај -------- Македонија, заради надомест на штета од настанат пожар. Во овој предметен случај тужбеното барање е одбиено поради неоснованост. Исто така во доставениот прилог има и копија на поднесок од неговиот полномошник адвокат до Основниот суд ------- со кој го известува дека го откажува полномошното за негово застапување. Подносителот е незадоволен од постапувањето на судиите кои учествувале во наведените судски предмети и од и адвокатот кој го застапувал на истите, па од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности.

По разгледување на доставената пријава ДКСК констатира дека предметните наводи и пријавените дејствија не се во надлежност на постапување на ДКСК и за истите друг орган е надлежен да постапува па оттаму доставената пријава ќе се достави на надлежно постапување на Судски совет и Адвокатска комора на РСМ.
Врз основа на наведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изработил: П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б, член на ДКСК
Доставено до:
Подносителот на пријавата